**ВФП АД Скопје**

**Единечни финансиски извештаи
за годината што завршува на
31 декември 2023 и
Извештај на независните ревизори**

**СОДРЖИНА**


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори | 1 - 2 |
| Единечен извештај за сеопфатната добивка | 3 |
| Единечен извештај за финансиската состојба | 4 |
| Единечен извештај за промените во главнината | 5 |
| Единечен извештај за паричните текови | 6 |
| Белешки кон единечните финансиски извештаи | 7 - 25 |
| Прилог 1 – Единечен Годишен извештај | |
| Прилог 2 – Единечна Годишна сметка | |

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.mazars.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**ДО РАКОВОДСТВОТО И АКЦИОНЕРИТЕ НА ВФП АД Скопје**

*Извештај за единечните финансиски извештаи*

Извршивме ревизија на приложените единечни финансиски извештаи на ВФП АД Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото"), кои се состојат од единечниот извештај на финансиската состојба на 31 декември 2023 година, како и единечниот извештај за сеопфатната добивка, единечниот извештај за промените во главнината и единечниот извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

*Одговорност на раководството за единечните финансиски извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие единечни финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на единечните финансиски извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие единечни финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека единечните финансиски извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во единечните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на единечните финансиски извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на единечните финансиски извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на единечните финансиски извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме собрано се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, единечните финансиски извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ВФП АД Скопје на ден 31 декември 2023 година како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

(продолжува)

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

**ДО РАКОВОДСТВОТО И АКЦИОНЕРИТЕ НА ВФП АД Скопје (продолжение)**

*Извештај за други правни и регулаторни барања*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на единечниот годишен извештај (прилог 1 кон единечните финансиски извештаи) и единечната годишна сметка (прилог 2 кон единечните финансиски извештаи) во согласност со Законот за трговски друштва и истите беа прифатени и одобрени од раководството на 23 февруари 2024, и поднесени во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 23 февруари 2024 година. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на единечниот годишен извештај со единечната годишна сметка и единечните финансиски извештаи на Друштвото. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи што е во примена во Република Северна Македонија. Според наше мислење, историските финансиски информации обелоденети во единечниот годишен извештај се конзистентни со единечната годишна сметка и приложените ревидирани единечни финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2023 година.

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Управител

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Скопје
29 март 2024 година

**ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА**
**За годината што завршува на 31 декември 2023 година**
**(Во денари)**

| | Белешка | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од продажба | 6 | 207,468,924 | 177,497,355 |
| Останати приходи | 7 | 14,236,992 | 8,872,651 |
| | | 221,705,916 | 186,370,006 |
| **Расходи** | | | |
| Трошоци за вработените | 8 | (49,834,272) | (36,789,333) |
| Амортизација | 13 | (2,450,725) | (586,861) |
| Останати оперативни трошоци | 9 | (129,975,667) | (106,018,703) |
| | | (182,260,664) | (143,394,897) |
| **Добивка од деловно работење** | | 39,445,252 | 42,975,109 |
| (Расходи)/приходи од камати, нето | 10 | (1,888,293) | (422,810) |
| (Негативни)/позитивни курсни разлики, нето | 11 | (29,984) | (92,545) |
| **Финансиски (расходи)/приходи, нето** | | (1,918,277) | (515,355) |
| **Добивка пред оданочување** | | 37,526,975 | 42,459,754 |
| Данок на добивка | 12 | (2,050,805) | (1,804,769) |
| **Нето добивка за годината** | | 35,476,170 | 40,654,985 |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | 35,476,170 | 40,654,985 |
| **Заработувачка по акција во денари** | 24 | | |
| - основна | | 1,183 | 1,355 |

Белешките кон единечните финансиски извештаи се интегрален дел од овие единечни финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Овие единечни финансиски извештаи беа прифатени и одобрени од раководството на Друштвото на 23 февруари 2024 година.

Одобрено од,

Блаже Петрески
Извршен член на Одборот на директори

Розика Деловска
Овластен сметководител

**ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНАСИСКАТА СОСТОЈБА**
**На 31 декември 2023 година**
**(Во денари)**

| | Белешка | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности и опрема | 13 | 60,207,527 | 52,023,033 |
| Вложувања во подружници | 14 | 6,365,889 | 6,365,889 |
| **Вкупно нетековни средства** | | 66,573,416 | 58,388,922 |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од купувачи | 15 | 26,524,271 | 24,637,575 |
| Останати тековни средства | 16 | 875,831 | 8,870,756 |
| Краткорочни депозити | 17 | - | 4,798,526 |
| Пари и парични еквиваленти | 18 | 5,331,896 | 15,874,963 |
| **Вкупно тековни средства** | | 32,731,998 | 54,181,820 |
| | | | |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 99,305,414 | 112,570,742 |
| | | | |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **ГЛАВНИНА** | | | |
| Акционерски капитал | 19 | 4,588,956 | 4,588,956 |
| Законски резерви | | 917,791 | 917,791 |
| Резерви за реинвестирана добивка | | 21,325,156 | 16,670,171 |
| Акумулирана добивка | | 35,476,170 | 40,654,985 |
| **Вкупно главнина** | | 62,308,073 | 62,831,903 |
| | | | |
| **Долгорочни обврски** | | | |
| Долгорочни кредити | 20 | 24,249,940 | 26,998,728 |
| Долгорочни резервации за вработени | | 88,160 | 159,896 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | | 24,338,100 | 27,158,624 |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 22 | 9,180,357 | 13,447,065 |
| Останати обврски | | 112,900 | - |
| Краткорочни кредити | 21 | - | 5,844,314 |
| Тековен дел на долгорочни кредити | 21 | 3,365,984 | 3,288,836 |
| Обврски за данок на добивка | | - | - |
| **Вкупно тековни обврски** | | 12,659,241 | 22,580,215 |
| | | | |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | 99,305,414 | 112,570,742 |

Белешките кон единечните финансиски извештаи се интегрален дел од овие единечни финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

## ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
**За годината што завршува на 31 декември 2023 година**
**(Во денари)**

| | Акционер. капитал | Законски резерви | Резерви за реинвести-рана добивка | Акумулир. добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба, 1 јануари 2022** | 4,588,956 | 917,791 | - | 46,670,171 | 52,176,918 |
| Добивка за годината | - | - | - | 40,654,985 | 40,654,985 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - |
| Пренос на резерви за реинвестирана добивка | - | - | 16,670,171 | (16,670,171) | - |
| Исплатена дивиденда | - | - | - | (30,000,000) | (30,000,000) |
| **Состојба, 31 декември 2022** | 4,588,956 | 917,791 | 16,670,171 | 40,654,985 | 62,831,903 |
| Добивка за годината | - | - | - | 35,476,170 | 35,476,170 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - |
| Пренос на резерви за реинвестирана добивка | - | - | 4,654,985 | (4,654,985) | - |
| Исплатена дивиденда | - | - | - | (36,000,000) | (36,000,000) |
| **Состојба, 31 декември 2023** | 4,588,956 | 917,791 | 21,325,156 | 35,476,170 | 62,308,073 |

Белешките кон единечните финансиски извештаи се интегрален дел од овие единечни финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

**ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2023 година**
**(Во денари)**

| | Белешка | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| Добивка пред оданочување | | 37,526,975 | 42,459,754 |
| Усогласување за: | | | |
| Амортизација | | 2,450,725 | 586,861 |
| Отпис на побарувања | | 5,870 | - |
| Приход од отпис на обврски | | (5,256) | - |
| Приходи од укинување на долгорочни резервирања | | (71,736) | - |
| Расходи за камати | | 1,894,811 | 495,758 |
| Приходи од камати | | (6,518) | (72,948) |
| | | 41,794,871 | 43,469,425 |
| Намалување на побарувања од купувачи и останати побарувања | | 4,678,732 | (11,505,039) |
| Намалување на обврските кон добавувачите и останатите тековни обврски | | (4,148,552) | 4,262,618 |
| **Приливи од оперативни активности** | | 42,325,051 | 36,227,004 |
| Платени камати | | (1,894,811) | (495,758) |
| Платен данок на добивка | | (627,178) | (2,798,637) |
| **Нето приливи од оперативни активности** | | 39,803,062 | 32,932,609 |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | | |
| Нето одливи за депозити | | 4,798,526 | 9,234,421 |
| Одливи за стекнување на вложување во подружница | | - | - |
| Набавка на опрема | | (10,635,219) | (42,638,894) |
| Приливи од камата | | 6,518 | 72,948 |
| **Нето (одливи)/приливи од инвестициони активности** | | (5,830,175) | (33,331,525) |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Приливи/(одливи) од кредити, нето | | (8,515,954) | 26,970,503 |
| Исплатена дивиденда | | (36,000,000) | (30,000,000) |
| **Нето одливи за финансиски активности** | | (44,515,954) | (3,029,497) |
| **Нето намалување на пари и парични еквиваленти** | | (10,543,067) | (3,428,413) |
| Пари и парични еквиваленти на 1 јануари | | 15,874,963 | 19,303,376 |
| **Пари и парични еквиваленти на 31 декември** | 18 | 5,331,896 | 15,874,963 |

Белешките кон единечните финансиски извештаи се интегрален дел од овие единечни финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

**БЕЛЕШКИ КОН ЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2023**

## 1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

Акционерското осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото“) е акционерско друштво основано во Република Северна Македонија на 16 мај 2005 година. Најголем акционер на друштвото е WVP, Грац, Австрија, која поседува 78.30% од акциите на Друштвото.

Основна дејност на Друштвото е застапување во осигурување и дејности на осигурителни посредници.

Бројот на вработени во Друштвото на 31 декември 2023 година е 115 (31 декември 2022: 123).

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

На 29 декември 2009 година, донесен е нов Правилник за водење сметководство (“Службен весник” 159/09, 164/10 и 107/11) во кој се објавени Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), заедно со толкувањата на Постојниот комитет за толкување (ПКТ) и толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување (КТМФИ), утврдени и издадени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) заклучно со 1 јануари 2009 година. Овој правилник стапи во примена од 1 јануари 2010 година.

До датумот на составување на придружните единечни финансиски извештаи, измените и дополнувањата на Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ/МСС“) и толкувањата на КТМФИ кои стапиле на сила за годишните периоди кои започнуваат после 1 јануари 2009 година сé уште не се преведени и објавени за примена во Република Северна Македонија.

Имајќи ги во предвид потенцијално материјалните значајни ефекти од разликите помеѓу горенаведените сметководствени прописи кои се применуваат во Република Северна Македонија и Меѓународните стандарди за финансиско известување, кои можат да имаат влијание на реалноста и објективноста на единечните финансиски извештаи на Друштвото, придружните единечни финансиски извештаи не можат да се сметаат за единечни финансиски извештаи подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Притоа, придружните единечни финансиски извештаи на Друштвото се прикажани во согласност со билансните шеми објавени во Правилникот за формата и содржината на годишната сметка (“Службен весник” бр. 60/14), чиј сет на финансиски извештаи во поединечни делови отстапува од начинот на презентација на одредени билансни позиции предвидени со усвоениот МСС 1 – Презентирање на финансиските извештаи.

Придружните единечни финансиски извештаи се составени во согласност со принципот на набавна вредност, освен ако не е поинаку наведено во сметководствените политики кои се дадени во натамошниот текст. Во составувањето на овие единечни финансиски извештаи Друштвото ги применува сметководствените политики наведени во белешката 3.

Износите содржани во единечните финансиски извештаи на Друштвото се прикажани во македонски денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

Како што е обелоденето во Белешка 3.3.1 од овие единечни финансиски извештаи, ВФП АД Скопје е матично друштво на друштвото ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје (65% сопственост), ВФП ПЛУС КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје (80% сопственост) и ВФП НЕДВИЖНИНИ ДОО Скопје (36% сопственост) Вложувањата во овие поврзани друштва во овие единечни финансиски извештаи се искажани по набавна вредност намалена за евентуалното обезвреднување. Согласно Меѓународниот сметководствен стандард (МСС) 27 “Консолидирани и посебни финансиски извештаи”, Друштвото ги состави и издаде своите консолидирани финансиски извештаи за деловната 2023 година, во согласност со барањата на сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.1 Признавање на приходи од продажба

Друштвото евидентира приходи од брокеража, во вид на провизија согласно со договорите со осигурителните компании. Приходите се евидентирани со примена на принципот на фактичност на настаните, односно се евидентираат во моментот на нивното настанување. Приходите се евидентирани по фактурна вредност, намалена за одобрените попусти.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.2 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата. Нето позитивните или негативните курсни разлики се вклучени во добивката и загубата во периодот кога настанале. Средствата и обврските кои гласат на странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на крајот на периодот на известување.

### 3.3 Финансиски инструменти (продолжение)

Финансиските средства и финансиските обврски се признаваат во моментот кога Друштвото станува страна во договорните обврски по овој инструмент. Финансиските средства и финансиските обврски иницијално се евидентирани по објективната вредност.

### 3.3.1 Вложување во подружници

Подружниците се правни лица кај кои Друштвото има контрола врз финансиските и деловните политики и поседува повеќе од една половина од гласачките права. Постоењето на контрола и ефектот од поседувањето на гласовите се зема предвид при одредување дали Друштвото има контрола врз друго правно лице. Набавна вредност на вложувањето претставува објективната вредноста на даденото средство. Друштвото ги евидентира вложувањата по нивната набавна вредност намалена за евентуална исправка на вредноста. Вложувањата во подружница претставуваат капитална инвестиција во ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје (65% сопственост) и ВФП ПЛУС КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје (80% сопственост), како и ВФП НЕДВИЖНИНИ ДОО Скопје (36% сопственост)

### 3.3.2 Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба

Вложувања расположливи за продажба вклучуваат вложувања во акции на друштва каде Друштвото нема контрола и значајно влијание. Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба се признаваат по набавна вредност, вклучувајќи ги и трошоците за трансакцијата.

### 3.3.3 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од готовина во благајна и пари во банки. За цели на извештајот за паричните текови, парите и паричните еквиваленти вклучуваат и орочени депозити во банки кои може брзо да се конвертираат во познат износ на пари и се подложени на незначителен ризик од промена на нивната вредност.

### 3.3.4 Депозити

Депозитите се состојат од депозити во банки и се признаваат кога паричните средства се пласирани во банките. Депозитите се прикажани по амортизираната набавна вредност со користење на принципот на ефективна каматна стапка, намалени евентуална исправка на вредноста.

### 3.3.5 Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи се недеривативни финансиски средства со фиксни или однапред одредени плаќања со кои не се тргува на активен пазар. Побарувањата од купувачи (вклучувајќи ги побарувањата од купувачи и другите побарувања, сметки во банките и готовината) се прикажуваат по амортизирана набавна вредност со употреба на метод на ефективна стапка, намалени за загуба поради оштетување.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.3.5 Побарувања од купувачи (продолжение)

Друштвото врши исправка на вредноста на побарувањата од купувачите секогаш кога постојат објективни докази дека побарувањата не можат да се наплатат. Исправката на вредност се евидентира на индивидуална основа, според проценката на Раководството на Друштвото за наплатливиот износ на секое побарување, кое е поединечно оценето како обезвреднето.

Сметководствената вредност на побарувањата од купувачите се намалува преку сметката за исправка на вредноста. Кога едно побарување се смета за ненаплатливо се отпишува во корист на сметката за исправка на вредноста. Последователните наплати на побарувањата претходно отпишани се евидентираат преку намалување на сметката за исправка на вредност. Промените во сметководствената вредност на сметката за исправка на вредност се признава во добивката и загубата.

### 3.3.6 Обврски кон добавувачи и останати обврски

Обврските кон добавувачите и другите обврски се прикажуваат според објективната вредност, при што по иницијалното признавање обврските последователно се водат по амортизирана набавна вредност.

Метода на ефективна камата е метода на пресметување на амортизирана набавна вредност на финансиската обврска и на распределба на трошокот од камата во текот на релевантниот период. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања или примања во текот на очекуваниот животен век на инструментот или, до нето сметководствената вредност на финансиската обврска, при иницијалното признавање.

### 3.4 Недвижности и опрема

Недвижностите и опремата се евидентираат според набавната вредност, намалена за акумулираната амортизација и акумулираните трошоци за обезвреднување.

Амортизацијата се пресметува според пропорционалниот метод, со цел набавната вредност на опремата да се амортизира во текот на проценетиот век на употреба. Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација, применети на некои позначајни ставки од опремата:

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Градежни објекти | 2.5% | 2.5% |
| Канцелариска и друга опрема | 20% | 20% |
| Компјутери | 25% | 25% |
| Мебел | 25% | 25% |

Кога средствата кои се предмет на амортизација се ставаат вон употреба, или на било кој начин се отуѓуваат, соодветната набавна вредност и исправката на вредноста се искнижуваат од соодветните сметки. Капиталните добивки или загуби остварени со отуѓувањата се евидентираат како останати приходи или деловни расходи, соодветно.

### 3.5 Оданочување

**Тековен данок на добивка**

Данокот на добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија. Плаќањето на месечниот данок се врши аконтативно. Крајниот данок по стапка од 10% се пресметува на утврдената добивка од извештајот за сеопфатната добивка, коригирана за одредени ставки согласно законските одредби. Овие корекции главно се однесуваат на зголемување на даночната основа за одредени трошоци кои не се признаваат за целите на оданочувањето.

Пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка за фискалната 2023 година, Друштвото го извршува согласно измените во Законот за данокот на добивка, односно 10% на остварената добивка, вклучувајќи го и даночниот ефект на приходи и трошоци кои се неоданочливи или неодбитни при утврдувањето на оданочливата добивка.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

### 3.5 Оданочување(продолжение)

**Одложен данок на добивка**

Одложениот данок се признава на разликата помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната соодветна даночна основа употребена при пресметката на оданочливата добивка, и се евидентира со примена на методот на обврска.

Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи временски разлики и одложено даночно средство се признава за сите одбитни временски разлики и тоа во обем во кој што постои веројатност дека ќе постои добивка којашто ќе биде предмет на оданочување и во однос на која ќе може да се искористат временските разлики како одбитна ставка.

Одложените даночни средства и обврски се вреднуваат според даночните стапки кои се очекува да се применат во периодот во кој обврските се исплатени или средствата се реализирани, а произлегуваат од пропишаните даночни стапки (и закони за даноци) коишто важат на крајот на периодот на известување.

### 3.6 Користи за вработените

Придонесите за здравствено, пензиско и социјално осигурување од бруто плати и нето платите се плаќаат од страна на Друштвото во текот на годината според законските прописи. Ваквите придонеси претставуваат дефинирани планови за бенефиции и се признаваат како трошок кога вработените извршуваат услуги. Не постојат дополнителни обврски според овие планови.

Друштвото има обврска за исплаќање отпремнина при пензионирање на вработените, во висина на двократен износ од просечно исплатената нето плата во Република Северна Македонија, како и јубилејни награди, согласно годините на работен стаж на вработените во Друштвото. Друштвото евидентира резервации за отпремнини за пензионирање и јубилејни награди со цел да ги алоцира таквите трошоци по периоди за коишто истите се однесуваат. Согласно МСС 19 отпремнините за пензионирање и јубилејните награди претставуваат дефинирани користи по исполнување на условите. Сметководствената вредност на обврските на Друштвото кои произлегуваат од овие користи за вработените се пресметуваат на крајот на периодот на известување. Состојбата на овие обврски на крајот на периодот на известување го претставува износот на дисконтираните плаќања што ќе се направат во иднина. Друштвото нема направено актуарска пресметка бидејќи смета дека ефектите ќе бидат нематеријални.

### 3.7 Трансакции со поврзани субјекти

Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект го контролира другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект.

Поврзани субјекти се матичната компанија WVP, Грац, Австрија, подружниците и придружните ентитети на Друштвото за управување со фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје, ВФП ПЛУС КОНСАЛТИНГ ДОО и ВФП НЕДВИЖНИНИ ДОО Скопје, отворените инвестициони фондови со кои управува ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје – ВФП ПРЕМИУМ АКЦИИ, ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ, ВФП БОНД, ВФП ГРАВЕ ГЛОБАЛ, ВФП ДИВИДЕНДА АКЦИИ и ВФП ГРАВЕ ФЛЕКС БОНД ЕВРО  како и подружниците на ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје 1) ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ кое управува со ВФП отворен доброволен пензиски фонд – Скопје и 2) WVP Fund Management Sh.A., Тирана, Албанија кое управува со фондовите WVP Top Invest и WVP Global придружниот ентитет на ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје – WVP Fund Management A.D., Белград, Србија.

## 4. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ И ПРЕТПОСТАВКИ

Презентацијата на финансиските извештаи бара користење на најдобри можни процени и разумни претпоставки од страна на раководството на Друштвото, кои имаат ефекти на презентираните вредности на средствата и обврските и обелоденувања на потенцијалните побарувања и обврски на денот на составување на финансиските извештаи, како и на приходите и расходите настанати во периодот на известување. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите кои се расположливи на денот на составување на финансиските извештаи, а идните стварни резултати можат да се разликуваат од проценетите износи. Значајните проценки и претпоставки се како што следува:

## 4. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ И ПРЕТПОСТАВКИ (продолжение)

*Објективна вредност*

Објективната вредност на финансиските инструменти кои не котираат на активните пазари се определува со користење на интерни техники за вреднување. Друштвото применува професионално расудување при изборот на соодветните техники за вреднување. Техниките кои се користени при вреднувањето на објективната вредност на финансиските инструменти се прикажани во Белешка 23.

*Корисен век на средствата*

Раководството на Друштвото го одредува проценетиот корисен век и соодветниот трошок за амортизација на материјалните средства. Соодветноста на проценетиот корисен век се анализира секогаш кога постојат индикации за значајни промени во користените претпоставки, како што се предвидениот технолошки развој, факторите кои влијаат на економијата во поширокото опкружување и индустријата.

*Обезвреднување на финансиските средства*

Обезвреднување на сомнителните побарувања се заснова врз проценетите загуби кои потекнуваат од неможноста на купувачите да ги исполнат своите договорни обврски. Методите кои се користат при проценката на адекватноста на загубите поради оштетувањето за сомнителните побарувања се старосната структура на побарувањата и историјата на отпис на побарувањата, кредитната способност на купувачите како и промените во услови за плаќање на купувачите. Проценките ги вклучуваат и претпоставките за идното однесување на купувачите и идните готовински наплати. Доколку финансиската состојба на купувачите се влоши, реалните отписи на сегашните побарувања може да бидат поголеми од очекуваните, при што тие може да го надминат тековното ниво на евидентираните резервации за загуби поради оштетување.

## 5. ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ТРАНСАКЦИИ

Единечните финансиски извештаи на 31 декември 2023 година се подготвени врз основа на претпоставката дека Друштвото ќе продолжи да работи според принципот на континуитет и дека истото ќе продолжи со својата работа во предвидлива иднина.

Во 2024 година веројатно е дека неизвесностите во макроекономските услови ќе продолжат и понатаму. Претстојните избори во САД, геополитичките тензии во Европа, Азија и Блискиот Исток, прашањата околу глобалната економија и нејзиниот раст се теми кои остануваат да следиме како ќе продолжат да се развиваат.

Во моментот на издавање на овие единечни финансиски извештаи е тешко да се процени понатамошното влијание врз работењето на Друштвото. Затоа, Друштвото изврши проценка дека ќе биде способно да го продолжи своето работење според принципот на континуитет. До датумот на ревидираните единечни финансиски извештаи, Друштвото продолжува да ги исполнува своите обврски како што доспеваат.

Друштвото ќе ги презема сите неопходни активности за прилагодување кон новонастанатите состојби, при што и во следниот период ќе биде фокусирано на одржување на квалитетот на производите и изнаоѓање флексибилни решенија на барањата на клиентите, ефикасно управување со трошоците, унапредување на доброто корпоративно управување и на практиките за одржлив развој.

## 6. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| | Во денари<br>За годината што завршува на<br>31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од брокеража | 207,468,924 | 177,497,355 |
| | 207,468,924 | 177,497,355 |

## 7. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во денари<br>За годината што завршува на<br>31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од отпис на обврски | 5,256 | - |
| Приходи од укунување на долгорочни резервирања | 71,736 | - |
| Приходи од дивиденди | 14,160,000 | 8,576,721 |
| Останати приходи | - | 295,930 |
| | 14,236,992 | 8,872,651 |

## 8. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| | Во денари<br>За годината што завршува на<br>31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
|---|---|---|
| Нето плати | 32,064,451 | 23,406,797 |
| Персонален данок | 2,424,927 | 1,691,072 |
| Придонеси од плати | 13,519,089 | 10,056,061 |
| Други надоместоци и придонеси за вработените | 241,225 | 423,478 |
| Регрес за годишен одмор | 1,584,580 | 1,211,925 |
| | 49,834,272 | 36,789,333 |

## 9. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | Во денари | |
|---|---|---|
| | За годината што завршува на | |
| | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
| Трошоци по договори за дело | 94,713,095 | 77,116,280 |
| Трошоци за персонален данок по договори за дело | 10,523,637 | 8,616,209 |
| Трошоци за обука на вработени | 1,384,770 | 2,976,749 |
| Трошоци по договор за деловно-техничка соработка | 8,230,343 | 7,041,281 |
| Патни трошоци | 143,899 | 530,235 |
| Потрошени материјали | 401,646 | 422,273 |
| Потрошена енергија | 320,560 | 451,327 |
| Транспортни услуги | 50,043 | 243 |
| Комуникациски услуги | 215,303 | 213,400 |
| Одржување | 176,766 | 149,545 |
| Закупнини | 1,912,989 | 2,030,234 |
| Комунални услуги | 32,315 | 27,601 |
| Трошоци за советувања и стекнувања на знаења | - | - |
| Трошоци за реклами | 356,409 | 39,498 |
| Репрезентација | 1,706,054 | 604,338 |
| Осигурување | 382,238 | 334,844 |
| Банкарски трошоци | 196,158 | 156,009 |
| Отпис на побарувања | 5,870 | - |
| Отпис на ситен инвентар | 691,886 | - |
| Надомест за Агенција за Супервизија на Осигурувањето на Република Северна Македонија | 1,247,605 | 1,194,411 |
| Адвокатски, сметководствени и ревизорски услуги | 1,115,230 | 1,376,770 |
| Едукација на вработените | 67,749 | 52,428 |
| Награди на вработените | 459 | - |
| Брокерски услуги | 5,166,733 | 2,337,870 |
| Останати расходи | 933,910 | 347,158 |
| | 129,975,667 | 106,018,703 |

Трошоците по договори за дело за годината што завршува на 31 декември 2023 година во износ од 94,713,095 денари (2022: 77,116,280 денари), како и трошоците за персонален данок по договори за дело во износ од 10,523,637 денари (2022: 8,616,209 денари), во најголем дел се однесуваат на трошоци за исплатата по договор за повремено вршење на услуги за соработници кои извршуваат подготовка на портфолиото на ВФП АД Скопје.

Трошоците за деловно-техничка соработка во износ од 8.230.343 денари за годината што завршува на 31 декември 2023 година (2022: 7,041,281 денари), во целост се однесуваат на трошоци кон друштвото WVP, Грац, Австрија за деловно-техничка соработка и посредување во промет на услуги каде место на услугата е местото каде е местото на прометот на услугата која се извршува е во Европа, за потребите на услугите од обласна на осигурувањето и осигурително брокерските работи и услуги.

## 10. (РАСХОДИ)/ПРИХОДИ ОД КАМАТИ, НЕТО

| | Во денари | |
|---|---|---|
| | За годината што завршува на | |
| | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
| Приходи од камати | 6,518 | 72,948 |
| Расходи за камати | (1,894,811) | (495,758) |
| | (1,888,293) | (422,810) |

## 11. (НЕГАТИВНИ)/ПОЗИТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ, НЕТО

| | Во денари | |
|---|---|---|
| | За годината што завршува на | |
| | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
| Позитивни курсни разлики | 4,210 | 19,179 |
| Негативни курсни разлики | (34,194) | (111,724) |
| | (29,984) | (92,545) |

## 12. ДАНОК НА ДОБИВКА

Износот на данокот на добивка за тековната година може да биде усогласен со добивката согласно извештајот за сеопфатна добивка на следниот начин:

| | Во денари | |
|---|---|---|
| | За годината што завршува на | |
| | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
| Добивка пред оданочување | 37,526,975 | 42,459,754 |
| Усогласување на расходи и приходи кои се неодбитни во определување на оданочливата добивка | (12,363,940) | (7,741,893) |
| Извршени вложувања од добивката (реинвестирана добивка) | (4,654,985) | (16,670,171) |
| Намалување на даночна основа | (17,018,925) | (24,412,064) |
| Даночна основа по усогласување | 20,508,050 | 18,047,690 |
| Данок на добивка по стапка од 10% | 2,050,805 | 1,804,769 |
| Ефективна даночна стапка | 5.46% | 4.25% |

Пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка за фискалната 2023 година Друштвото го извршува согласно Законот за данокот на добивка, односно 10% на остварената добивка, вклучувајќи го и даночниот ефект на приходи и трошоци кои се неоданочливи или неодбитни при утврдувањето на оданочливата добивка.

## 13. НЕДВИЖНОСТИ И ОПРЕМА

Во денари

| | Градежни објекти | Опрема | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | |
| Состојба, 1 јануари 2022 | 13,492,404 | 2,898,251 | 16,390,655 |
| Набавки | 42,516,371 | 122,523 | 42,638,894 |
| Состојба, 31 декември 2022 | 56,008,775 | 3,020,774 | 59,029,549 |
| Состојба, 1 јануари 2023 | 56,008,775 | 3,020,774 | 59,029,549 |
| Набавки | 5,153,433 | 5,481,786 | 10,635,219 |
| Состојба, 31 декември 2023 | 61,162,208 | 8,502,560 | 69,664,768 |
| **Исправка на вредноста** | | | |
| Состојба, 1 јануари 2022 | 4,152,538 | 2,267,117 | 6,419,655 |
| Трошок за годината | 337,310 | 249,551 | 586,861 |
| Состојба, 31 декември 2022 | 4,489,848 | 2,516,668 | 7,006,516 |
| Состојба, 1 јануари 2023 | 4,489,848 | 2,516,668 | 7,006,516 |
| Трошок за годината | 1,494,429 | 956,296 | 2,450,725 |
| Состојба, 31 декември 2023 | 5,984,277 | 3,472,964 | 9,457,241 |
| **Сметководствена вредност, 31 декември 2023** | 55,177,931 | 5,029,596 | 60,207,527 |
| **Сметководствена вредност, 31 декември 2022** | 51,518,927 | 504,106 | 52,023,033 |

Градежните објекти во износ од 55,177,931 денари на 31 декември 2023 година се однесуваат на набавка на нов деловен простор со седиште на ул. Кочо Рацин број 3 КО Центар, Скопје со големина од 270 м². За деловниот простор Друштвото има склучено договор за купопродажба со ЛУНА КОРПОРАЦИЈА ДОО Скопје на 22 декември 2023 година, а сопственоста е запишана во Имотен лист број 117333. Деловниот простор е под хипотека за цели на долгорочните и краткорочните кредити (Белешка 20 и 21).

## 14. ВЛОЖУВАЊА ВО ПОДРУЖНИЦИ

| | 31 декември 2023 | Во денари 31 декември 2022 |
|---|---|---|
| ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје (65% сопственост) | 6,008,867 | 6,008,867 |
| ВФП ПЛУС КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје (80% сопственост) | 245,980 | 245,980 |
| ВФП НЕДВИЖНИНИ ДОО Скопје (36% директна сопственост и 82% ефективна сопственост) | 111,042 | 111,042 |
| | 6,365,889 | 6,365,889 |

## 15. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

Побарувањата од купувачите на 31 декември 2023 година во износ од 26,524,271 денари (31 декември 2022 година: 24,637,575 денари) во целост се однесуваат на недоспеани побарувања по основ на брокеража од осигурителни компании во Република Северна Македонија.

## 16. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

| | 31 декември 2023 | Во денари 31 декември 2022 |
|---|---|---|
| Побарувања за дадени аванси | 58,212 | 6,027,377 |
| Побарувања за повеќе платен данок | 81,238 | 1,504,865 |
| Залихи | - | 1,231,843 |
| Ситен инвентар во употреба | 1,383,771 | - |
| Побарувања за камати | - | 9,010 |
| Однапред платени трошоци | 44,496 | 97,661 |
| Вредносно усогласување на ситен инвентар, амбалажа | (691,886) | - |
| | 875,831 | 8,870,756 |

## 17. КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ

Краткорочните депозити во износ од 0 денари на 31 декември 2023 година (31 декември 2022: 4,798,526 денари), Во 2022 година во целост се однесуваат на краткорочно орочен депозит во Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, кој е деноминиран во евра.

## 18. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 31 декември 2023 | Во денари 31 декември 2022 |
|---|---|---|
| Пари во банки во денари | 5,331,849 | 9,200,039 |
| Пари во банки во странски валути | - | 6,615,681 |
| Пари во благајна во денари | 47 | 59,243 |
| | 5,331,896 | 15,874,963 |
| Отворен инвестициски фонд “WVP Balanced”, Белград (депозит по видување) | - | - |
| | 5,331,896 | 15,874,963 |

## 19. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

### а) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал на Друштвото на 31 декември 2023 и 2022 се состои од 30,000 целосно уплатени обични акции со номинална вредност од 2.5 евра по акција, односно 75,000 евра што е еквивалентно на 4,588,956 денари. Сопствениците на обични акции имаат право на повремена дивиденда и имаат право на еден глас по акција на Генералното Собрание на Друштвото, како и право на еднакво учество во случај на ликвидација на Друштвото.

Сопственичката структура на акционерскиот капитал на Друштвото на 31 декември 2023 е како што следува:

| | Број на акции 31 декември 2023 | 2022 | Во % 31 декември 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| WVP Грац, Австрија | 23,491 | 23,506 | 78.30% | 78.35% |
| Сузана Ѓуќиќ | 1,500 | 1,500 | 5.00% | 5.00% |
| Блаже Петрески | 1,924 | 1,924 | 6.41% | 6.42% |
| Физички лица со учество под 5% | 3,085 | 3,070 | 10.28% | 10.23% |
| | 30,000 | 30,000 | 100.00% | 100.00% |

### б) Законски резерви

